НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ЗДРАВСТВОТО

**Посилен систем за поправедна заштита!**

# НИКОЈ НЕМА ПРАВО ДА БАРА СЕКС ЗА ЗДРАВСТВЕНА УСЛУГА



**Препознајте ја сексуалната изнуда –**

## СЕКСТОРЦИЈАТА ВО ЗДРАВСТВОТО

**СЕКСУАЛНО БАРАЊЕ + ЗЛОУПОТРЕБА НА МОЌ**

## = СЕКСУАЛНА ИЗНУДА





**ПРЕПОЗНАЈТЕ.**

**ЗАШТИТЕТЕ СЕ.**

**ПОБАРАЈТЕ ПОМОШ.**

# ШТО Е СЕКСУАЛНА ИЗНУДА - СЕКСТОРЦИЈА?

Сексуална изнуда или сексторција е злоупотреба на моќ при која некој бара, навестува или очекува секс, сексуален контакт или друго однесување од сексуална природа кое би влијаело на забрзувањето, одложувањето, ускратувањето или квалитетот на здравствената услуга.

| СЕКСУАЛНО БАРАЊЕ | ЗЛОУПОТРЕБА НА МОЌ |
|---|---|
| • секс или сексуален контакт;<br>• несакано допирање;<br>• фотографии, видеа или пораки со сексуална содржина;<br>• средба насамо со сексуална намера;<br>• сексуални коментари, алузии или предлози;<br>• друго однесување од сексуална природа. | • лицето може да влијае врз термин, преглед, лекување или операција<br>• може да одобри упат, рецепт, потврда или прием во болница<br>• може да ја подобри, одложи или ускрати услугата<br>• ја користи положбата за лична корист |

## КАКО ДА ЈА ПРЕПОЗНАЕТЕ?

Барањето може да биде директно или прикриено како шега, флерт, покана, помош или „посебен договор“.

- „Ќе најдам побрз термин, но треба и ти да направиш нешто за мене.“
- „Ајде да се видиме насамо за вечера, па ќе го решиме проблемот.“
- Ви испраќа сексуални пораки на бројот што сте го оставиле за контакт во врска со лекувањето.
- Ве допира без јасна медицинска причина и тоа го претставува како дел од прегледот.
- Навестува дека од вашиот одговор зависи терминот за здравствената услуга, третманот или грижата.

## ДАЛИ СТАНУВА ЗБОР ЗА СЕКСТОРЦИЈА?

1. **Дали лицето има моќ да влијае врз здравствената услуга што ми е потребна?**
2. **Дали бара или навестува нешто од сексуална природа?**
3. **Дали го поврзува сексуалното барање со услугата или со начинот на кој ќе постапува со мене?**

**Ако одговорот на сите три прашања е „да“, може да станува збор за сексуална изнуда - сексторција.**

**Не мора да има физичка сила или отворена закана.** Притисок постои и кога се плашите дека, ако одбиете, здравствената услуга ќе ви биде одложена или ускратена, или дека ќе добиете полош третман.

Ако сте молчеле, сте се исплашиле, сте се вкочаниле или сте прифатиле под притисок, тоа не значи дека слободно сте се согласиле.

Фактот што сте попуштиле на барањето поради страв дека ќе ви биде ограничена здравствената услуга не значи дека лицето кое ја злоупотребува својата моќ е ослободено од одговорност.

**Не се откажувајте од пријавување затоа што сте "се согласиле".**



## НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

**Дали секторцијата мора да вклучува сексуален однос?**

Не. Барањето може да се однесува на допирање, фотографии, пораки, видеа, средба насамо или друго однесување од сексуална природа.

**Дали секторцијата им се случува само на жени?**

Не. Може да му се случи секому, иако жените може да бидат особено изложени во ситуации во кои зависат од здравствената услуга.

**Што ако не сум се спротивставил/а?**

Молчењето, стравот или неможноста да реагирате во моментот не ја оправдуваат злоупотребата.

**Дали секое барање за секс во замена за некаква корист е секторција?**

Не. Мора да постои и злоупотреба на моќ: лицето да може да даде, забрза, одложи или ускрати услуга или корист од која зависите.

# ЗДРАВСТВЕН ПРЕГЛЕД ИЛИ ЗЛОУПОТРЕБА?

За време на здравствениот преглед може да биде потребен физички допир. Здравствениот работник треба однапред да ви објасни што ќе направи и зошто е тоа потребно, да побара ваша согласност и да ги почитува вашата приватност и достоинство. Секој допир треба да биде поврзан со прегледот, дијагностиката или лекувањето.

## ИМАТЕ ПРАВО ДА КАЖЕТЕ

„Објаснете ми зошто е потребно ова.“

„Не се чувствувам пријатно.“

„Сакам да присуствува медицинска сестра или лице од моја доверба.“

„Сакам да го прекинеме прегледот.“

## ОБРНЕТЕ ВНИМАНИЕ АКО

- нема објаснување за постапката
- допирот нема јасна медицинска причина
- има сексуални коментари или предлози
- се бара средбата или разговорот да остане тајна
- се создава чувство дека мора да прифатите за да ја добиете услугата

# КАКО МОЖЕТЕ ДА ПОСТАПИТЕ?

## АКО СЕ ЧУВСТВУВАТЕ НЕБЕЗБЕДНО

- прекинете го разговорот или прегледот
- напуштете ја просторијата
- побарајте присуство на друго лице
- повикајте лице на кое му верувате
- побарајте друг здравствен работник, кога е можно

## ПО НАСТАНОТ

- зачувајте ги пораките и електронските траги
- запишете што се случило, кога и каде
- запишете го името, функцијата или описот на лицето
- зачувајте ја медицинската документација
- наведете дали имало сведоци
- побарајте правна, психолошка или друга стручна поддршка

**Вашата безбедност е најважна.** Не мора веднаш да се спротивставите или да кажете дека ќе пријавите.

**Не мора да ги имате сите докази.** Опишете што ви се случило и зачувајте го она со што располагате.

# КАДЕ МОЖЕТЕ ДА СЕ ОБРАТИТЕ?

Пред да пријавите, може прво да побарате совет и поддршка, за да го изберете најсоодветниот и најбезбедниот начин на постапување. Обраќањето во здравствената установа каде се случила повредата е можност, но не е задолжителен прв чекор.



ПРИЈАВЕТЕ ИМАМЕ ПРОБЛЕМ

| КАДЕ? | ЗА ШТО? / КОНТАКТ |
|---|---|
| **Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените** | За совет и поддршка пред да одлучите дали, каде и како ќе пријавите. Телефони: 02 3298 295 и 02 3298 296; е-пошта: esem@esem.org.mk |
| **Министерство за внатрешни работи - полиција или Јавно обвинителство на Република Северна Македонија** | При закана, присила, несакан физички контакт, сексуално насилство или сомнеж за кривично дело. **Јавно обвинителство на Република Северна Македонија: 02 3298 288; е-пошта: jorm@jorm.org.mk. Основно јавно обвинителство Скопје: 076 304 872.** Во итна опасност: **192 - полиција.** |
| **Комисија за спречување и заштита од дискриминација** | Кога сексуалното барање, вознемирувањето или условувањето довело до понижувачки или нееднаков третман или до повреда на вашето достоинство. **Телефони: 02 3232 368 и 02 3216 892; е-пошта: contact@kszd.mk** |
| **Во здравствената установа - само ако се чувствувате безбедно** | Кај советникот за права на пациентите, директорот или друго одговорно лице; за барање друг здравствен работник, проверка на постапувањето и непречено продолжување на лекувањето. Контактот зависи од конкретната здравствена установа. **Не сте должни прво да пријавите во установата.** |

Не мора да знаете како правно се нарекува тоа што ви се случило. Опишете што било кажано, побарано или направено и побарајте совет за следниот чекор.

## КАКО ДА ГО ОПИШЕТЕ НАСТАНОТ?

Со свои зборови наведете: кога и каде се случило; кој бил вклучен; која здравствена услуга ви била потребна; што било кажано, побарано или направено; како сексуалното барање било поврзано со услугата; и дали имало сведоци, пораки или други информации.

**Не мора да ги имате сите докази за да побарате помош или да пријавите.**

# НЕ СТЕ ВИНОВНИ. НЕ СТЕ САМИ.

Имате право на здравствена грижа без сексуални барања, условување, страв и злоупотреба.

# ПРЕПОЗНАЈТЕ ЈА. ИМЕНУВАЈТЕ ЈА. ПОБАРАЈТЕ ПОМОШ.

**ПАРТНЕРИ ВО ПРОЕКТОТ**

ЕСЕ ЕСЕ

ГИЖ

СТАНИЦА П.Е.Т.

France

AFD Agence Française de Développement

EXPERTISE FRANCE GROUPE AFD

Оваа содржина е исклучива одговорност на **Здружението ЕСЕ** и **партнерските организации,** и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на **Expertise France** и на **Agence française de développement.**